ТМУРНИ НОЌИ БЕССОНИ,
ЛАДНИ ЗИМСКИ ГОЛГОТИ,
РОМАНТИКА ПРЕКРАСНА ЌЕ СЕ ИЗРОДИ,
СО ПРИСУСТВО НА СНЕГУЛКИ,
ТИВКО НЕВИДЛИВО НЕИЗДРЖЛИВО,
МОНОТОНИЈА НА ИСТАТАТ МЕЛАНХОЛИЈА,
СО ДРУГИ ЗБОРОВИ,
МОРБИДНО НЕПОДНОСЛИВО,
ПРЕКРАСНО,
СЕГА, ПОПУСТО Е ДА СНЕЖИ,
ПОВЕЌЕ СЕТО ТОА НЕВРЕДИ,
А ВО МИСЛИТЕ ПРЕД СЕВИШНИОТ
ПРИЗНАНИЈАТА ОДЗВОНУВААТ,
НАЈМИЛА,
ПРОКЛЕТСТВО,
ТИ, ТИ СИ МИ УТЕХАТА.

ИМАГИНАЦИЈА НЕСВАТЛИВА,
ЗАД ОЧИВЕ ЗАТВОРЕНИ МЕ ДОПИРАШ,
СВЕЖИОТ ЗДИВ НА ВРАТОТ СЕУШТЕ МИ ОДМАРА,
БУЈНИТЕ ГОРИ
ПРИ СРЦЕТО МЕ ПРИТИСКААТ,
ПРИ ОБИДОТ ВО ОЧАЈ ДА МИЛУВААТ...

МНОШТВОТО СЛУЧКИ ВЕЌЕ МИНАТИ,
МИГОТ СЕУШТЕ ГО ИСПОЛНУВААТ,
КАТАДЕН, МИРОТ МИ ГО ОДЗЕМААТ,
НА РАБОТ МЕ ПРИНЕСУВААТ,
ЗАГУШЛИВО,
ВОСХИТУВА АРОМАТА ОД ПРЕТСТАВИВЕ,
НЕШТО ПОСТОЈАНО ВО МИСЛИТЕ МИ ОДЗВОНУВА,
ТИ И ПОВТОРНО ТИ, НАЈМИЛА,
ТИ ЗА НАВЕКА.

НЕДОСТИГОТ,
СО СИГУРНОСТ ГИ РАЗОРУВА ЧУВСТВАТА,
КАКО НЕМИ СВЕДЕТЕЛИ ОДУМИРААТ
СЕУШТЕ ЖИВИТЕ СЛИКИ НА МИНАТОТО,
АКО Б'ЛСНАМ, СО РОНКА СРЕЌА,
АКО ДО БЕСКРАЈОТ РАСПЛИНАМ,
СО СЕБЕ ЌЕ ГИ ПОНЕСАМ,
ШТО ПОДАЛЕКУ, ВО ПРОСТОРОТ ДА СЕ РАШИРИШ,
ПА, МНОШТВОТО ДУШМАНИ,
МИГ ОД ТЕБЕ ДА НЕ ЗЕМАТ.

ДЕСКРИПЦИИ,ВО МОНОЛОГОВ,

НЕ СЕ ПОВЕЌЕ ПОТРЕБНИ,КАКО И ОБИЧНО,
НЕМИОТ И ГЛУВИОТ ЌЕ ПОЛЕМИЗИРААТ,
ЗАТОА БЕА ТОЛКУ ОСТРИ И СИЛНИ СЕТИЛАТА.
СО КРАЈОТ СОНОТ ВО АМБИСОТ ЗАМИНА,
ПОПУСТО ПО НЕГО, ТРАГАМ И ПРЕБАРУВАМ,
СЕ Е ПОПУСТО, НЕЗАСПИВАМ, НЕЗАПИРАМ,
НА ВРАТОТ КО ОГЛАВ ПРИТЕГНАЛЕ,
ГРЕВОВИТЕ ОД ПООДАМНА СТОРЕНИ,
ТИЕ ГРЕВОВИ ДО ДЕНОВ ДЕНЕШЕН ГИ ОТПЛАЌАМ.
ИСКРЕНО, ГРЕВОВИТЕ ТОЛКУ И НЕ ТИШТАТ,
КАКО ПОМИСЛАТА НА КОПНЕЖОТ ЗА УБАВИНАТА,
СЛОБОДАТА!!!

ОВА Е ВИСТИНАТА,
ЗЕМЈО НАЈМИЛА МАКЕДОНИЈО !!!
НЕВЕСТО,
ТАЖНА ДЕВОЈКО, МАКЕДОНИЈО !!!
ОПСТОЈОТ ДА ТИ Е НЕДОПИРЛИВ,
НЕКА ТИ Е ВЕРНА СЛУГА СРЕЌАТА,
РАСКОШНО РАСФРЛАЈ СЕ СО УБАВИНИТЕ
ЗА ПОВЕЌЕ ДА ТИ ЗАВИДУВААТ
И СУШТЕСТВАТА ОД ВИСОЧИНИТЕ.